MACEDONIAN

Dementia Australia®

# Нашите услуги

Информации
Поддршка
Едукација





# Што работиме ние

Dementia Australia ги поддржува луѓето од сите возрасти кои живеат со сите облици на деменција, нивните семејства и негуватели.

Ако вие или некој член од семејството сте загрижени во врска со промени во меморијата, размислувањето или однесувањето, или имате деменција или благо когнитивно оштетување, ние сме тука да ве поддржиме и советуваме.

Нашиот многу искусен и високо квалификуван персонал обезбедува информации, поддршка и образовни услуги и може да ви помогне да дојдете до поддршка и услуги во вашата заедница.



# Како можеме да помогнеме

## Информации

Ние обезбедуваме информации за да им помогнеме на луѓето кои живеат со сите облици на деменција, на нивните семејства и негуватели.

- **Посетете ја веб-страницата на Dementia Australia.** Преземете од веб-страницата листови со информации за помош, видео записи, летоци и брошури на низа теми. На располагање се информации на други јазици, покрај англискиот. **dementia.org.au**
- **Слушајте, преземете или нарачајте копија од Водичот за деменција.** Овој водич вклучува информации за деменција, живеење со деменција и планирање за иднината. **dementia.org.au/the-dementia-guide**
- **Посетете една од нашите библиотеки, онлајн или лично.** Можете да позајмите книги, електронски книги и аудио книги. **dementia.org.au/library**



# Поддршка

Промени во меморијата и размислувањето се вообичаени при стареењето. Меѓутоа, некои промени може да бидат знак за рана деменција. Важно е да посетите лекар, специјалист или клиника за меморија. Колку порано дејствувате, толку подобро.

Ние можеме да ве поддржиме да:

- ги разберете промените во меморијата и размислувањето
- добиете пристап до служба за дијагностика заради проценка.

Дијагнозата на деменција или благо когнитивно оштетување може да доведе до низа грижи и емоции. Тоа може да ги остави луѓето да се чувствуваат несигурни за иднината и може да им треба време да се прилагодат.

Ние сме тука за вас.



Ние можеме да ве поддржиме да:

- ги разберете неодамнешните промени во вашите околности и поддршката која е достапна во вашата заедница
- се прилагодите на промените во меморијата, размислувањето, однесувањето и способностите
- разберете дијагноза и да планирате за иднината
- ја подобрите вашата емоционална благосостојба со тоа што ќе разговорате со еден од нашите професионални советници или ќе се приклучите во програма за поддршка
- ја одржувате вашата социјална и физичка благосостојба преку социјална и практична поддршка
- се регистрирате со My Aged Care или со Националната програма за осигурување на лица со попреченост (National Disability Insurance Scheme).



# Едукација

Ако сте лице кое живее со деменција, член на семејството или негувател/ка, нашиот искусен персонал одржува едукативни сесии низ Австралија и онлајн за да ви помогне во подобрување на знаењето за поддршка на вашата благосостојба.

Ако сте стручно здравствено лице или работник за нега на стари лица, нашиот Центар за подучување за деменција (Centre for Dementia Learning) обезбедува сеопфатен пакет на услуги за подучување и консултирање засновани на докази за да помогне во подобрувањето на квалитетот на поддршката и негата што ја примаат луѓето кои живеат со деменција.

Овие услуги вклучуваат акредитирани и неакредитирани програми и се достапни и онлајн и лице-в-лице.

За информации посетете ја веб-страницата **dementia.org.au/education**

# Јавете се на Националната линија за помош при деменција (National Dementia Helpline)

Националната линија за помош при деменција е бесплатна и доверлива служба.

Зборувајте со нашиот грижлив и стручен тим за:

- совети околу знаци и симптоми
- помош со добивање на дијагноза
- информации за деменција и блага когнитивна попреченост
- доверлива дискусија за вашата ситуација
- практична поддршка и советување
- помош за да најдете поддршка и услуги во вашата заедница.

**Националната линија за помош при деменција** работи 24 часа на ден, седум дена во неделата, 365 дена во годината.

Јавете се на **1800 100 500** или за разговор преку веб-страницата на **dementia.org.au/webchat**

# Помогнете ни да им помогнеме на другите

Направете разлика во животот на луѓето со деменција и нивните семејства.

- Станете „Пријател на деменцијата“ (Dementia Friend) и поддржувајте ги луѓето кои живеат со деменција во вашата заедница.
- Станете „Застапник за деменција“ (Dementia Advocate) и бидете глас за луѓето кои живеат со деменција и негувателите.
- Станете волонтер и помогнете ни да го подобриме животот на луѓето кои живеат со деменција.
- Донирајте за да ја поддржите нашата работа.
- Оставете подарок во наследство во вашиот тестамент.



## Национална линија за помош при деменција

# 1800 100 500

За помош на други јазици, јавете се на **131 450**

---

## Најдете нѐ на интернет

# dementia.org.au

Dementia Australia го цени финансирањето од австралиската влада, владите на државите и териториите и великодушната финансиска поддршка од поединци и организации.

Национална линија за помош при деменција е финансирана од австралиската влада

© Dementia Australia, October 2022 / 20085

This is a translation of the resource Our Services: October 2022 / 20085